# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 20.12.2018<br>Ростуше<br>Број 16<br>Год.XXIII | e-mail:mavrovorostuse@yahoo.comТел:(042)478–814; 478–815 |
| --- | --- | --- |


**Ростуше, 20 Декември 2018 година**

**253.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (”Сл.Весник на РМ” број 05/2002), а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше(”Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше” број 03/2015 ) (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за кофинансирање за набавка на специјални возила за зимско одржување

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за кофинансирање за набавка на специјални возила за зимско одржување – број: 08 -390/3 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 20 – тата седница одржана на ден 15.12.2018 година.

Бр.09-394/1<br>19.12.2018 год.<br>Р о с т у ш е

Општина Маврово и Ростуше<br>Градоначалник<br>Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, број 05/2002/ а во согласност со член 15 став 1, точка 5, од Статутот на Општина Маврово и Ростуше (,,Сл.Гласник на општината 03/2015 година, (пречистен текст).

Советот на Општина Маврово и Ростуше на седницата одржана на ден 15.12.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За кофинансирање за набавка на специјални возила за зимско одржување

Член 1

Со оваа Одлука советот на Општина Маврово и Ростуше дава согланост за кофинансирање за набавка на специјални возила за одржување на патната инфраструктура во општината.

Член 2

Општината Маврово и Ростуше специјалните возила ќе ги кофинансира со сопствени финансиски средства во износ кој би го надминал износот што ќе биде одобрен од страна на Бирото за регионален развој на Република Македонија.

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедуваат од Буџетот на општината за 2019 година.

Член 3

Примерок од оваа одлука со друга придружна документација да се достави до Градоначалникот на општината, Бирото за Регионален развој на Република Македонија и архивата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе биде објавена во „ Службен гласник на Општина Маврово и Ростуше“.

Бр.08-390/3 Совет на Општина Маврово и Ростуше
14.12.2018 год. П р е т с е д а т е л
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**254.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (”Сл.Весник на РМ” број 05/2002), а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше(”Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше” број 03/2015 ) (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на ХТЗ опрема за ТППЕ - Дебар

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на ХТЗ опрема за ТППЕ - Дебар – број: 08 -390/4 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 20 – тата седница одржана на ден 15.12.2018 година.

Бр.09-394/2 Општина Маврово и Ростуше
19.12.2018 год. Градоначалник
Р о с т у ш е Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15,став 1, точка 7 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 15.12.2018 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства за набавка на финансиски средства за набавка на ХТЗ опрема за ТППЕ - Дебар

Член 1

Се одобрува финансиска помош во износ од 30.000,оо денари за набавка на ХТЗ опрема за ТППЕ – Дебар.

Средствата ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2019 година а ќе бидат наменети за ТППЕ – Дебар која територијално покрива дел од Општината Маврово и Ростуше.

Член 2

Финансиските средства се одобруваат врз основа на поднесено писмено барање од страна на ТППЕ – Дебар.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше’’ а ќе влезе во сила со денот на нејзиното објавување.

Бр.08-390/4 Совет на Општина Маврово и Ростуше
14.12.2018 год. П р е т с е д а т е л
Р о с т у ш е Алил Алили, с.р..

**255.**

Врз основа на член 29 и 30 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (,,Службен Весник на РМ” број 28/2003, 62/2006 и 8/2009), а во врска со член 50 став 1, точка 16 од Законот за локална самоуправа (,,Службен Весник на РМ” број 05/2002) Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 17.12.2018 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За формирање на Комисија за вршење на годишен попис на основни средства и ситен инвентар за 2018 година во Општина Маврово и Ростуше

1. Се формира Комисија за вршење на годишен попис на основни средства и ситен инвентар за 2018 година на Општина Маврово и Ростуше, во следниот состав:
   Претседател:
1. Ајбејан Ајдини, вработен во Општина Маврово и Ростуше Членови:
   1. Илбер Имероски, вработен во Општина Маврово и Ростуше
   2. Надица Даниловска, вработена во Општина Маврово и Ростуше

На Комисијата за вршење на годишен попис на основни средства и ситен инвентар за 2018 година во Општина Маврово и Ростуше, ќе и помага Суада Мавмути, вработена во Одделението за финансикси прашања во Општина Маврово и Ростуше.

Комиисјата да започне со работа веднаш, а фактичкиот попис на основните средства и усогласувањето на сметководсвената со фактичката состојба да го изврши најдоцна до 31.12.2018 година.

2. Комсијата пописот треба да го изврши во согласност со одредбите на глава VIII од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници (,,Службен Весник на РМ” број 28/2003, 62/2006 и 8/2009).
3. Комисијата е должна до 15.01.2019 година да го изготви Извештајот од извршениот попис, со примероци од пописните листи и прилози и да го достави до Градоначалникот на Општината и Одделението за финансиски прашања.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на доенсувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше.

Решението е достсвено до:

- Архивата на Општината
- Членовите на Комисијата
- Одделение за финансики прашања

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски с,р

Број 09-391/1
17.12.2018 год.

**256.**

Врз основа на член член 24-а став 1 точка 1одЗаконотзајавнипретпријатија (Сл. Весникна РМ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 50 став 1 точка 9 одЗаконотзалокалнасамоуправа(Службен Весникна РМ бр05/02), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 13.12.2018 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За разрешување од функцијата вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за комунални дејности ,,МАВРОВО" Маврови Анови

1. Со ова Решение лицето Александра Матеска, од с.Леуново, по нејзино барање се разрешува од функцијата директор на вршител на должноста на Јавно претпријатие за комунални дејности ,,МАВРОВО" Маврови Анови, избрана со Решение број 09-305/4 од 14.12.2017 годинаи Решение број 09-197/1 од 14.06.2018 година.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 24-а став 1 точка 1 од Законот за јавни претпријатијаСл. Весникна РМ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), именованата избрана за вршител на должност директор на Јавно претпријатие за комунални дености ,,Маврово" Маврови Анови со Решение, број 09-305/4 од 14.12.2017 година и Решение 09-197/1 од 14.06.2018 година, по нејзино барање од лични или семејни причини има поднесено писмена оставка од назначената функција вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за комунални дејности ,,МАВРОВО" Маврови Анови. Градоначалникот ја прифати писмената оставкат и на основа на гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше во рок од 8 дена од денот на донесувањето на ова Решение до надлежното министертство.

Решението е доставено до:
- Александра Матеска
- ЈПКД ,,Маврово" М.Анови
- Архивата на општината
- Агенција за вработување Гостивар

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски с,р

Број 09-197/5
13.12.2018 год.

**257.**

Врз основа на член 24-а одЗаконотзајавнипретпријатија (Службен Весникна РМ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 50 став 1 точка 9 одЗаконотзалокалнасамоуправа(СлужбенВесникна РМ бр05/02), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 14.12.2018 година го донесе следнато

Р Е Ш Е Н И Е

За именување на вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за комунални дејности ,,МАВРОВО” Маврови Анови

1. ДИЈАНА ДАВИДОВСКИ од с.Маврово, со Висока стручна спрема сеименува за вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за комунални дејности ,,МАВРОВО” Маврови Анови.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, од кога и ќе почне да се применува, а ќе се објави во Службен Гласник на
3. Општина Маврово и Ростуше.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 24-а од Законот за јавни претпријатија(СлужбенВесникна РМ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 61/2015, 39/2016 и 64/2018),Дијана Давидовски од с. Маврово, вработена во ЈПКД ,,Маврово” преку АПВ ,,Аксиос-Вардар”- Гостивар, со Висока стручна спрема се именува за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Маврово” Маврови Анови. Именовањето е за период од 6 /шест/ месеци почнувајќи од денот на донесување на ова Решение. На основа на гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше во рок од 8 дена од денот на донесувањето на ова Решение.

Решението е доставено до:
- Дијана Давидовски
- ЈПКД ,,Маврово” М.Анови
- Архивата на општината
- Агенција за вработување Гостивар

Општина Маврово и Ростуше
ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски с,р

Број 09-197/8
14.12.2018 год.

**258.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник“ на РМ, бр.05/2002), како и врз основа на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче бр.08-86/15 од 28.02.2018 год. донесена од Советот на Општина Маврово и Ростуше, а во врска со член 6, став 1, алинеа 3 и став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“,23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 20.12.2018 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

*За признавање на право на еднократен паричен надоместок за новороденче*

Со ова Решение на лицето Ерхан Зунуни, од с.Присојница, Општина Маврово и Ростуше му се признава правото на паричен надоместок за новороденчето – Озан Зунуни, родено на ден 01.12.2018 година во Гостивар.

Согласно Одлуката на Советот на Општина Маврово и Ростуше, бр.08-86/15 од 28.02.2018 година, еднократниот износ на средства кои му се признаваат на горенаведеното лице е 5.000,оо денари.

Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2018 година, а ќе се исплатат на сметка xxxxxxxxxxxxxxx, депонент Еуростандард Банка АД Скопје, која се води на подносителот на барањето.

Персоналниот данок на доход се исплаќа од страна на општината.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 20.12.2018 година лицето Ерхан Зунуни од с.Присојница, Општина Маврово и Ростуше, со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxx, со писмено барање на пропишан образец, се обрати до архивата на општината со цел остварување на право на еднократен паричен надоместок за новороденче кое право е регулирано со Законот за заштита на децата и Одлука на Совет на Општина Маврово и Ростуше, бр. бр.08-86/15 од 28.02.2018 година, според која на секое семејство со новороденче во 2018 година ќе му биде доделена еднократна парична помош во висина од 5.000,оо денари.

Барателот во прилог на барањето ги достави следните документи/докази и тоа:

- Препис на извод од матичната книга на родени за детето Озан Зунуни (новороденчето), бр. 1005/1-13763 од 06.12.2018 год. издаден од Управа за водење на матични книги – Гостивар,
- Препис на извод од матичната книга на венчаните за родителите на детето, бр.1033-2/52 од 28.01.2014 год. издаден од Управа за водење на матични книги – МК Ростуше,
- Фотокопие од лична карта за мајката на детето, бр. xxxxxxxx, издадена од МВР Скопје со важност до 01.10.2026 год.,
- Фотокопие од лична карта на таткото на детето, бр.xxxxxxxx, издадена од МВР Гостивар со важност до 20.11.2024 год.,
- Изјава со која се потврдува вистинитоста на податоците внесени во барањето,

- Изјава за согласност за обработка на лични податоци,
- Изјава дека лицето подносител на барањето не живее и не работи во странство

Врз основа на горенаведените докази се утврди дека подносителот на ова барање ги исполнува условите за остварување на правото за еднократна парична помош за новороденче, кои услови се пропишани со Одлуката на Советот на Општина Маврово и Ростуше бр.08-86/15 од 28.02.2018 год. и врз основа на тоа ќе му биде исплатен еднократен паричен надоместок во висина од 5.000,оо денари.

Решено во с.Ростуше на ден 20.12.2018 год. под бр.УПП 09-98.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение незадоволната страна има право на жалба до Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општината во рок од 5 дена од денот на примето на Решението. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Изработил/контролирал:
Раководител на одд. за нормативно-правни
работи и јавни дејности
*Ајбеан Ајдини*

ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК
МЕДАТ КУРТОВСКИ с,р

Доставено до:

- Архива на општината
- Подносителот на барањето
- Одделение за финансиски прашања на општината

**С О Д Р Ж И Н А**

253.Одлука за кофинансирање за набавка на специјални возила за зимско одржување…………………………………………………………………….................. 272
254.Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на ХТЗ опрема за ТППЕ - Дебар …....................................................................................................... 273
255.Решение за формирање Комисија за вршење на годишен попис на основни средства и ситен инвентар за 2018 година во Општина Маврово и Ростуше…..... 274
256.Решение за разрешување од функцијата вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за комунални дејности ,,МАВРОВО” Маврови Анови......…....... 275
257.Решение за именување на вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за комунални дејности ,,МАВРОВО” Маврови Анови.......................... 276
258.Решение за признавање на право на еднократен паричен Надоместок за новороденче............................................................................................... 277

**ИЗДАВА И УРЕДУВА СЛУЖБА НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**